Врз основа на член 78 став (2) точка 22) од Законот за енергетика (Службен весник на РСМ бр. 96/18, 96/19, 236/22. 134/24 и 147/24), а согласно член 19 став (1) точка 18 од Статутот на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје (Службен весник на РСМ бр.165/20) по претходно одобрување на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на РСМ со Одлука бр.12-1985/3 од 18.11.2024 година, Управниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје на седница одржана на ден 20.11.2024 година донесе Одлука УО бр.02-7442/4 за усвојување на

# ПРАВИЛА ЗА НАБАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБИТЕ ВО ЕЛЕКТРОПРЕНОСНАТА МРЕЖА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1
### Предмет на уредување

(1) Со овие Правила за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа (во понатамошниот текст Правила) се регулираат условите, начинот и постапката за набавка на електрична енергија од страна на АД МЕПСО, во согласност со одредбите од Законот за енергетика.

## II. НАЧИН НА НАБАВКА

## -ПРВ НАЧИН НА НАБАВКА -

### Член 2
### Дефиниции и кратенки

(1) Дефиниции опфатени со овие Правила:

| | |
|---|---|
| Договор | Договор склучен помеѓу избраниот понудувач и АД МЕПСО, со кој се утврдуваат техничките и комерцијалните услови за купопродажба на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа |
| Понудувач | Производител или трговец или снабдувач на електрична енергија регистриран во согласност со законските прописи на Република Северна Македонија, односно оној кој поседува соодветна лиценца издадена од РКЕ, како и EIC код, издаден од страна на ОЕПС, кој учествува на Отворен јавен повик |
| Избран понудувач | Понудувач кој има склучено Договор со АД МЕПСО |
| Отворен Јавен повик | Оглас, објавен во два национални дневни весници во Република Северна Македонија и објавен на официјалната веб страница на АД МЕПСО |

| | |
|---|---|
| Набавка на електрична енергија | Постапка која ја спроведува АД МЕПСО во согласност со овие Правила за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во македонската електропреносна мрежа |
| Понуда | Понуда за продажба на електрична енергија (MWh) по одредена цена (EUR/MWh) заокружена на две децимали, а доставена од страна на понудувачот |
| Постапка за набавка на електрична енергија | Редослед на активности поврзани со набавка на електрична енергија кои почнуваат со Јавниот повик за доставување на понуди од страна на АД МЕПСО, доставување понуди од страна на понудувачи, евалуација и избор на најповолни понудувачи и завршуваат со склучување на Договор за испорака на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа помеѓу АД МЕПСО и избраните понудувачи |
| Барање за испорака на електрична енергија и моќност | Барање за испорака на електрична енергија и моќност за покривање на загубите на електропреносната мрежа за 24 часовен период доставено од страна на ОЕПС до избраниот понудувач/понудувачи, во денот Д-2 за денот Д, доставено преку Email. |
| Дневен распоред на испорака (номинација) | Претставува распоред на испорака на електрична енергија со 24 часовни количини на електрична енергија и моќност доставени од страна на избраниот понудувач/понудувачи. Дневниот распоред се доставува врз основа на Барањето за испорака на електрична енергија и моќност и истиот мора да биде хармонизиран согласно правилата за доставување на физички распореди. |

(2) Кратенки опфатени со овие Правила:

| | |
|---|---|
| АД МЕПСО | Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје |
| ОЕПС | Оператор на електропреносен систем |
| РКЕ | Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија |

**Член 3**
**Начин на набавка на електрична енергија**

(1) АД МЕПСО е должен да набавува електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа по пазарни услови, на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин.

(2) Набавката на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа АД МЕПСО ќе ја изврши на следните начини:

1. На отворен пазар, преку тендерска постапка за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа и/или
2. На организиран пазар на електрична енергија во Република Северна Македонија, доколку за тоа постојат услови.

(3) Набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа АД МЕПСО може да ја изврши како:

- Годишна и/или
- Повеќемесечнаи/или
- Месечна

**Член 4**

**Отпочнување на постапка за набавка на електрична енергија**

(1) Постапката за обезбедување на електрична енергија за покривање на загубите на електрична енергија во електропреносната мрежа започнува од страна на Подружница ОЕПС, со доставување на Барање до Генералниот директор на АД МЕПСО за одобрување на набавката и формирање на комисија задолжена за подготовка и реализација на предметната набавка. Барањето содржи:

- предмет на набавката,
- количини на набавката,
- планирани средства.

(2) Врз основа на барањето, Генералниот Директор донесува Одлука за отпочнување на набавката, во која ќе бидат наведени:

- предмет на набавката,
- количини на набавката,
- планирани средства,
- членовите на Комисијата задолжени за подготовка и спроведување на постапката.

(3) Комисијата формирана од страна на Генералниот директор на АД МЕПСО е задолжена за подготовка на Документација за јавен повик која ќе содржи:

- **Дел I Инструкции за понудувачите**

1. Општи информации
2. Способност на понудувачите
   - 2.1 лична способност
   - 2.2 способноста за вршење професионална дејност,
   - 2.3 економската и финансиска состојба
   - 2.4 техничката способност,
3. Појаснување, измена и дополнување на документација
4. Подготовка и поднесување на понудите
5. Отворање и евалуација на понудите
6. Доделување на договорот за набавка
7. Рок и важност на понудите
8. Посебни услови
9. Модел на договор
10. Поништување на постапката

- **Дел II Технички спецификации**

1. Период на испорака на електрична енергија и моќност (не помала од 1 календарски месец)
2. Точка на испорака на електричната енергија

3. Моќност изразена во MW и електрична енергија изразена во MWh, за целиот период на испорака, т.е. Дијаграм за испорака на електрична енергија и моќност, изработен во согласност со Прилог 1 од овие Правила
4. Дозволени отстапувања (флексибилност) на часовно ниво од договорената моќност и договорените месечни и/или часовни количини

- **Дел III Образец на понуда**
  1. Општ дел
  2. Прилози

**Член 5**
**Услови за учество на Јавен повик**

(1) Право на учество на јавниот повик има понудувач, односно производител или трговец или снабдувач на електрична енергија регистриран во согласност со законските прописи на Република Северна Македонија, односно оној кој поседува соодветна лиценца издадена од РКЕ, како и EIC код, издаден од страна на ОЕПС и кој ќе достави финансиска гаранција на понудата во висина од 10% од вкупната вредност на понудата без вклучен ДДВ. Финансиската гаранција може да биде издадена во форма на банкарска гаранција издадена од банка со седиште во Република Северна Македонија или паричен депозит за доставената понуда, со важност не помалку од 14 дена од денот на истекот на важноста на понудата, во оригинална форма.

**Член 6**

(1) АД МЕПСО ќе ја наплати финансиската гаранција за доставената понуда ако понудувачот:

- ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,
- не го потпише договорот или
- не ја обезбеди финансиската гаранција за квалитетно извршување на договорот во предвидениот период.

(2) АД МЕПСО ќе им ја врати финансиската гаранција на понудата на сите понудувачи, по потпишување на договорот и обезбедување на финансиска гаранција за квалитетно извршување на договорот со најповолните понудувачи.

**Член 7**
**Објавување на јавниот повик**

(1) Повикот за поднесување понуда треба да се објави:

- На веб-страницата на АД МЕПСО на македонски,англиски и албански јазик.
- Во два национални дневни весници во Република Северна Македонија, од кој еден на македонски јазик и еден на албански јазик.
- Повикот за поднесување понуда на веб-страната на АД МЕПСО и во два национални дневни весници во Република Северна Македонија се објавува во ист ден, со ист датум на објава.

**Член 8**

(1) Документацијата за јавниот повик се предава на заинтересираните понудувачи лично, во просториите на АД МЕПСО, а по писмено барање на понудувачите истата може да биде

предадена и по обична или брза пошта на адреса наведена во барањето. Документацијата се предава со претходно приложување на доказ за уплатена котизација во висина од 50,00 Евра, која служи за покривање на трошоците за подготовка, спроведување и реализација на постапката на набавка.

**Член 9**

(1) Крајниот рок за поднесување на понудите треба да изнесува најмалку 7 дена од денот на објавувањето на Јавниот повик.

**Член 10**
**Јавно отварање на понудите**

(1) Понудите се отвараат јавно.

(2) Само овластените претставници од понудувачите имаат право на коментари – забелешки на јавното отварање.

**Член 11**
**Евалуација на понуди**

(1) Цените по кои се набавува електричната енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа се формираат врз основа на листа на мериторно подредување, согласно понудите добиени на јавниот повик кои ги исполнуваат пропишаните критериуми за утврдување на способноста.

(2) Цената на електричната енергија содржана во доставените понуди согласно јавниот повик ќе претставува единствен критериум за листата на мериторно подредување.

(3) Листата на мериторно подредување се формира по растечки редослед, каде што како прворангирана понуда се подредува понудата на електрична енергија со најниска цена.

**Член 12**
**Избор на најповолна понуда**

(1) Комисијата од Член 4 став (2) од овие Правила, ќе избере најповолна понуда/понуди врз основа на критериумот најниска прифатена цена за секој месец одделно, утврден во Јавниот повик за поднесување понуда, од понудите кои ги исполнуваат пропишаните критериуми за утврдување на нивната способност.

(2) Комисијата од Член 4 став (2) од овие Правила има право да побара од понудувачите кои се пријавиле на отворениот повик, пред јавното отварање на доставените понуди, да достават процентуално намалување на понудената цена за вкупните количини на електрична енергија.

(3) Комисијата од Член 4 став (2) од овие Правила изготвува извештај од евалуацијата со предлог до Генералниот Директор за избор на најповолна понуда или предлог за поништување на постапката.

(4) Генералниот Директор донесува одлука за избор на најповолен понудувач, или одлука за поништување на постапката.

(5) По донесување на одлуката, во рок од 1 (еден) ден, Комисијата од Член 4 став (2) од овие Правила ги известува понудувачите за донесената одлука.

**Член 13**
**Потпишување на договор**

(1) Врз основа на Одлука за избор на најповолен понудувач согласно Член 12 од овие Правила, АД МЕПСО ќе потпише Договор за испорака на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносната мрежа со најповолните понудувачи.

(2) Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна треба да обезбеди финансиска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот во вид на банкарска гаранција издадена од банка со седиште во Република Северна Македонија или паричен депозит, во висина од 15% од вредноста на електричната енергија од месецот со најголема вредност на испораката, најдоцна во рок од 5 работни дена од денот на потпишување на договорот и истата треба да биде со важност до 7 дена по завршување на последниот месец на испорака од договорот.

(3) Гаранцијата е услов за важење на договорот и истата треба да биде неотповиклива, безусловна и платлива на прв писмен повик.

**Член 14**
**Одговорност при неисполнување на обврските од договорот**

(1) Избраните понудувачи кои склучиле Договор со АД МЕПСО должни се целосно да ги исполнат обврските за испорака на договорената моќност и количина на електрична енергија во електропреносниот систем согласно Барањата за испорака на електрична енергија и моќност за потребите на АД МЕПСО, во кое АД МЕПСО може да го користи правото за користење на договорената флексибилност на часовно ниво за испорака на електрична енергија и моќност, специфицирана во Договорите.

(2) Доколку избраниот понудувач не ги исполни условите од ставот (1) односно доколку понудувачот не доставува целосно или делумно количини на електрична енергија и моќност во даден период на дневно ниво и доколку истото трае 3 дена последователно или вкупно 5 дена во тековниот месец, и доколку тоа неиспорачување не е предизвикано од Виша сила или од непревземање од страна на АД МЕПСО, Купувачот ќе постапи согласно следните точки:

1. ја активира банкарската гаранција или ќе го задржи депозитот за квалитетно извршување на договорот
2. наплати договорна казна во висина од 15% од вкупната вредност на Договорот
3. наплати евентуална штета што ќе му биде нанесена поради неисполнувањето на обврските од избраниот понудувач со кого потпишал Договор во износ еднаков на разликата помеѓу производот од количината на неиспорачаната електрична енергија од страна на Понудувачот и цената по која АД МЕПСО ја купува од друг Понудувач или на друг начин ја добива неиспорачаната количина на електрична енергија на пазарот на електрична енергија, и вредноста на ИД за соодветниот месец,
4. го раскине Договорот.

**Член 15**
**Постапка за достава на количини на електрична енергија**

(1) Понудувачите доставуваат дневен распоред на испорака на електрична енергија врз основа на Барањето за испорака доставено од страна на ОЕПС.

(2) Начинот и периодот на достава на Дневниот распоред на испорака (номинации) ќе биде дефиниран во договорот за испорака на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем.

## - ВТОР НАЧИН НА НАБАВКА -

### Член 16
### Предмет на уредување

Со овој начин на набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем (во понатамошниот текст Правила) се регулираат условите, начинот и постапката за набавка на електрична енергија од страна на АД МЕПСО, во согласност со одредбите од Законот за енергетика.

### Член 17
### Дефиниции и кратенки

(1) Дефинициите користени во овие правила ќе го имаат следното значење:

| | |
|---|---|
| Рамковен договор (РД) | Договор склучен помеѓу Понудувачот и АД МЕПСО (Договорен орган) |
| Понудувач | Производители, трговци и снабдувачи на електрична енергија регистрирани во согласност со законските прописи, и кои поседуваат лиценца издадена од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (РКЕ) како и EIC код издаден од страна на АД МЕПСО. |
| Квалификуван Понудувач | Понудувач кој има склучено РД со АД МЕПСО. |
| Избран Понудувач | Понудувач кој има склучено Индивидуален Договор со АД МЕПСО |
| Отворен Јавен повик | Оглас објавен во два национални дневни весници во Република Северна Македонија и достапен на интернет страната на www.mepso.mk |
| Набавка на електрична енергија | Постапка која ја спроведува АД МЕПСО во согласност со овие Правила за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем |
| Понуда | Понуда за продажба на електрична енергија (MWh) по одредена цена (EUR/MWh) заокружена на две децимали, а доставена од страна на Понудувачот |
| Индивидуален договор (ИД) | Купопродажен договор помеѓу Квалификуван Понудувач и АД МЕПСО, со кој се утврдуваат комерцијалните услови за соодветна купопродажба на електрична енергија. |

| | |
|---|---|
| Индивидуално Барање за Доставување на Понуди (ИБДП) | Документ испратен од страна на АД МЕПСО до сите квалификувани Понудувачи преку електронска пошта во кој прецизно се утврдуваат условите според кои ќе биде спроведен процесот на купување на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем. |
| Постапка за набавка на електрична енергија | Редослед на настани поврзани со купување на електрична енергија кои почнуваат со ИБДП од страна на АД МЕПСО, доставени понуди од страна на квалификуваните понудувачи, евалуација и избор на најповолни Понудувачи и завршуваат со склучување на Индивидуален договор (ИД) со избраните Понудувачи. |
| Барање за испорака на електрична енергија и моќност | Барање за испорака на електрична енергија и моќност за покривање на загубите на електропреносниот систем за 24 часовен период доставено од страна на ОЕПС до избраниот Понудувач/Понудувачи, во денот Д-2 за денот Д, доставено преку Email. |
| Дневен распоред на испорака (номинација) | Претставува распоред на испорака на електрична енергија со 24 часовни количини на електрична енергија и моќност доставени од страна на избраниот Понудувач/Понудувачи. Дневниот распоред се доставува врз основа на Барањето за испорака на електрична енергија и моќност и истиот мора да биде хармонизиран согласно Правилата за балансирање на електропреносниот систем. |

(2) Кратенки опфатени со овие Правила:

| | |
|---|---|
| АД МЕПСО | Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје |
| РД | Рамковен договор |
| ИД | Индивидуален договор |
| ИБДП | Индивидуално барање за доставување на понуди |
| ОЕПС | Оператор на електропреносен систем |
| РКЕ | Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија |

## Член 18
## Отпочнување на постапка за набавка на електрична енергија

(1) АД МЕПСО е должен да набавува електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем по пазарни услови, на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин.

(2) Набавката на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем, АД МЕПСО ќе ја изврши на следните начини:

1. На отворен пазар, преку тендерска постапка за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем и/или

2. На организиран пазар на електрична енергија во Република Северна Македонија, доколку за тоа постојат услови.

(3) Набавката на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем, АД МЕПСО може да ја изврши како:

- Годишна и/или
- Квартална и/или
- Месечна и/или
- Неделна и/или
- Дневна.

**Член 19**
**Предмет на купопродажба**

(1) Постапката за обезбедување на електрична енергија за покривање на загубите на електрична енергија во електропреносниот систем започнува од страна на Подружница ОЕПС, со доставување Барање до Генералниот директор на АД МЕПСО за одобрување на набавката и формирање комисија задолжена за подготовка и реализација на предметната набавка. Барањето содржи:

- предмет на набавката,
- количини на набавката,
- планирани средства,
- членови на Комисијата задолжени за подготовка и спроведување на постапката, која се состои од 5 члена, од кои барем еден е Електро инженер.

(2) Врз основа на Барањето, Генералниот Директор донесува Одлука за отпочнување на набавката, во која ќе бидат наведени:

- предмет на набавката,
- количини на набавката,
- планирани средства,
- членови на Комисијата задолжени за подготовка и спроведување на постапката.

**Член 20**
**Објавување на повик за покажување на интерес**

Повикот за покажување на интерес за склучување на Рамковен Договор за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем, треба да се објави:

- На веб-страницата на АД МЕПСО на македонски, англиски и албански јазик,
- Во два национални дневни весници во Република Северна Македонија, од кои еден на македонски и еден на албански јазик.

**Член 21**
**Услови за потпишување на РД**

(1) Право на покажување на интерес за склучување на РД имаат производители, снабдувачи и/или трговци со електрична енергија кои се регистрирани учесници на пазарот на електрична енергија во Република Северна Македонија кои поседуваат лиценца за вршење на соодветна

енергетска дејност издадена од страна на РКЕ, како и EIC код издаден од страна на АД МЕПСО.

За да ја докаже способноста за вршење професионална дејност, понудувачот треба да достави:

- Лиценца за производител или трговец или снабдувач на електрична енергија регистриран во согласност со законските прописи на Република Северна Македонија, односно оној кој поседува соодветна лиценца издадена од РКЕ со важност за целото времетраење на договорот (во оригинал или нотарски заверена копија) и
- Изјава дека поседува EIC код, издаден од страна на АД МЕПСО.

(2) Со цел да ја докаже својата лична способност Понудувачот треба да ги достави следните документи:

- изјава на Понудувачот дека на понудувачот или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на тој понудувач или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години не му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од кривичните дела учество во злосторничко здружување, корупција, затајување даноци и придонеси, тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности, перење пари и финансирање тероризам и злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе, утврдени во Кривичниот законик; Оваа изјава ја изготвува и потпишува самиот понудувач и истата не мора да биде заверена од надлежен орган.
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде Понудувачот е регистриран;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност или единствен документ за докажување на способноста; и
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - привремена забрана за вршење одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста.

Потврдите ги издаваат надлежни органи во земјата каде е регистриран Понудувачот. Ако земјата во која е регистриран Понудувачот не ги издава овие документи или ако тие не ги опфаќаат сите горенаведени случаи, Понудувачот може да достави изјава заверена кај надлежен орган.

Документите од овој член не смеат да бидат постари од 3 (три) месеци сметано од крајниот рок за доставување на понудите наназад.

За да се квалификува како способен за извршување на ИД од аспект на неговата техничка способност, Понудувачот треба да достави:

- Изјава потпишана од Понудувачот во која јасно се наведува дека Понудувачот неотповикливо ја признава својата целосна и исклучителна одговорност во гаранцијата на испораките на електричната енергија до местото на испорака.

(3) АД МЕПСО ќе склучи РД со сите Понудувачи кои ги исполнуваат условите наведени во овие Правила. Врз основа на склучените РД, АД МЕПСО ги поканува Понудувачите да учествуваат во продавање на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем во согласност со потребите дефинирани во ИБДП.

(4) Доколку по спроведувањето на повикот за покажување на интерес за склучување на РД, се јават нови Понудували кои имаат интерес за склучување на РД со АД МЕПСО за продавање на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем, тие можат дополнително да ги достават сите потребни документи наведени во овие правила и доколку ги исполнат условите да склучат РД со АД МЕПСО.

(5) Сите обезбедени банкарски гаранции или депонирани средства од страна на Понудувачот кон АД МЕПСО се сопственост на АД МЕПСО и не може да се користат за други цели, освен за покривање на евентуалните штети што ги претрпел АД МЕПСО поради неисполнување на Договорот и за набавка на електрична енергија за покривање на загубите на електропреносниот систем.

**Член 22**
**Индивидуално барање за доставување на понуди (ИБДП)**

(1) Пред секоја набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем, АД МЕПСО ќе испрати ИБДП до сите квалификувани Понудувачи кои имаат склучено РД за набавка на електрична енергија.

(2) ИБДП од став (1) на овој член ќе го содржи следното:

- Датум, време и начин на доставување на понуди по ИБДП,
- Период за испорака на електрична енергија и моќност,
- Место на испорака,
- Барана моќност изразена во MW и електрична енергија изразена во MWh, за целиот период на испорака (ЛОТ),
- Критериуми за евалуација и избор на понуди,
- Минимална и максимална големина на понудата,
- Број на понуди по понудувач,
- Дозволени отстапувања (флексибилност) од договорената моќност и договорените количини,
- Услови за плаќање,
- Евалуација на понудите и одлука за избор на најдобра понуда,
- Рок на важност на понудите,
- Посебни услови,
- Финансиска гаранција за понудата во форма на банкарска гаранција или паричен депозит за доставената понуда,
- Износ на банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување или паричен депозит за потребите на Индивидуалниот Договор (ИД).

(3) АД МЕПСО ќе испрати ИБДП до сите квалификувани Понудувачи преку електронска пошта.

(4) Сите понуди кои ќе бидат доставени од страна на Понудувачите во врска со ИБДП мора да ги содржат сите елементи и документи наведени во ИБДП и истите да бидат доставени до АД МЕПСО во наведениот рок, согласно начинот утврден во ИБДП.

(5) АД МЕПСО може да го продолжи рокот за доставување на понуди, евалуација на понудите и одлука за избор на најдобра понуда, доколку истото е соодветно на потребите и условите на конкурентност и сопствените потреби.

(6) АД МЕПСО може да одлучи да не склучи ИД или да го откаже процесот на набавка на електрична енергија, а притоа Понудувачите немаат право да бараат било каков надомест.

(7) АД МЕПСО е должен да чува писмен доказ за понудите.

(8) АД МЕПСО може да одлучи да го повлече ИБДП во секое време и да ја откаже постапката за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем без никаква обврска за надомест на штета по било кој основ на било која страна во постапката.

## Член 23
## Услови за учество на Јавен повик

(1) Право на учество на јавниот повик има секој квалификуван Понудувач кој има потпишано РД до кој е доставено ИБДП по електронски пат и кој ќе достави финансиска гаранција на понудата во висина **од 10%** од вкупната вредност на понудата без вклучен ДДВ. Финансиската гаранција може да биде издадена во форма на банкарска гаранција издадена од банка со седиште во Република Северна Македонија или паричен депозит за доставената понуда, со важност не помалку од 7 работни дена од денот на истекот на важноста на понудата, во оригинална форма.

## Член 24
## Јавно отварање на понудите

(1) Понудите треба да се отвараат јавно.

(2) Само овластените претставници од понудувачите имаат право на коментари – забелешки на јавното отварање.

## Член 25
## Евалуација на понуди

(1) Цените по кои се набавува електричната енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем се формираат врз основа на листа на мериторно подредување, согласно понудите добиени на јавниот повик кои ги исполнуваат пропишаните критериуми за утврдување на способноста.

(2) Цената на електричната енергија содржана во доставените понуди согласно јавниот повик ќе претставува единствен критериум за листата на мериторно подредување.

(3) Листата на мериторно подредување се формира по растечки редослед, каде што како прворангирана понуда се подредува понудата на електрична енергија со најниска цена.

## Член 26
## Избор на најповолна понуда

(1) Комисијата од Член 19 став (2) од овие Правила, ќе избере најповолна понуда/понуди врз основа на критериумот најниска прифатена цена за секој период дефиниран во ИБДП.

(2) Комисијата од Член 19 став (2) од овие Правила има право да побара од Понудувачите врз основа на доставеното ИБДП, пред јавното отварање на доставените понуди, да достават процентуално намалување на понудената цена за вкупните количини на електрична енергија за предметниот период.

(3) Комисијата од Член 19 став (2) од овие Правила изготвува извештај од евалуацијата со предлог до Генералниот Директор за избор на најповолна понуда или предлог за поништување на постапката.

(4) Врз основа на извештајот за спроведената постапка за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем, Генералниот Директор на АД МЕПСО носи одлука за избор на најповолен/најповолни Понудувачи.

(5) По донесување на одлуката, во рок од 1 (еден) ден, Комисијата од Член 19 став (2) од овие Правила ги известува Понудувачите за донесената одлука.

**Член 27**
**Потпишување на Индивидуален договор за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем**

(1) До избраните Понудувачи, АД МЕПСО ќе достави на потпишување ИД кој содржи одредби за договорените трансакции како количина и моќност, период на испорака, точка на испорака, флексибилност во испораката на договорената количина енергија опишани во Прилог 1, износ на финансиска гаранција за навремено и квалитетно извршување, цена, услови на плаќање и начин на фактурирање.

(2) Избраните Понудувачи, во рок и начин дефиниран во ИБДП, но не подолго од 5 (пет) работни дена по потпишување на ИД, се должни да достават до АД МЕПСО финансиска гаранција за навремено и квалитетно извршување на ИД во висина на износ од 15% од вредноста на електричната енергија од месецот со најголема вредност на испораката, во форма на банкарска гаранција издадена од банка со седиште во Република Северна Македонија или депозит на сметка на АД МЕПСО и истата треба да биде со важност до 7 дена по завршување на последниот месец на испорака од Индивидуалниот договор.

(3) Доколку избраниот квалификуван понудувач не потпише ИД или не достави банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување или не уплати депозит во определениот рок, АД МЕПСО ќе ја активира гаранцијата за понудата или ќе го задржи депозитот наведен во член 23 од овие Правила.

(4) ИД потпишан од страна на АД МЕПСО ќе биде испратен по електронска пошта до избраните Понудувачи.

(5) ИД во оригинална форма ќе бидат разменети преку пошта само со Понудувачите кои биле избрани како најповолни Понудувачи.

**Член 28**
**Одговорност при неисполнување на обврските**

(1) Избраните Понудувачи кои склучиле ИД со АД МЕПСО должни се целосно да ги исполнат обврските за испорака на договорената моќност и количина на електрична енергија во електропреносниот систем согласно барањата за испорака на електрична енергија и моќност за потребите на АД МЕПСО, во кое АД МЕПСО може да го користи правото за користење на договорената флексибилност на часовно ниво за испорака на електрична енергија и моќност, специфицирана во ИД.

(2) Доколку избраниот Понудувач не постапува согласно одредбите од РД, ИД или ИБДП, односно доколку Понудувачот не доставува целосно или делумно количини на електрична енергија и моќност во даден период на дневно ниво, и доколку истото трае 3 дена последователно или вкупно 5 дена во тековниот месец, и доколку тоа неиспорачување не е предизвикано од Виша сила или од непревземање од страна на АД МЕПСО, Купувачот ќе постапи согласно следните точки:

- ќе ја активира банкарската гаранција или ќе го задржи депозитот за квалитетно извршување на договорот,
- ќе го раскине ИД,
- ќе наплати договорена казна во висина од 15% од вкупната вредност на ИД, и
- ќе бара надомест на штета во износ еднаков на разликата помеѓу производот од количината на неиспорачаната електрична енергија од страна на Понудувачот и цената по која АД МЕПСО ја купува од друг Понудувач или на друг начин ја добива неиспорачаната електрична енергија на пазарот на електрична енергија, и вредноста на ИД за соодветниот месец.

(3) Доколу избраниот Понудувач не ги подмири сите финансиски обврски кои произлегуваат од неисполнувањето на ИД од став 1 на овој член, Понудувачот нема право да учествува во процесот за набавка на електрична енергија, за покривање на загубите во електропреносниот систем во следните 6 месеци, или се додека не ги подмири наведените обврски кон АД МЕПСО.

(4) Доколку и по истекот на временскиот период во кој му се забранува учество во процесот за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем, Понудувачот не ги подмири финансиските обврски согласно ставовите (2), (3), (4), Купувачот има право да го раскине РД.

(5) Доколку Купувачот го раскине РД согласно став (4) од овој член, Понудувачот и понатаму е должен да ги подмири сите финансиски обврски кон Купувачот.

**Член 29**
**Постапка за достава на количини на електрична енергија**

(1) Избраните Понудувачи доставуваат дневен распоред на испорака на електрична енергија врз основа на Барањето за испорака доставено од страна на ОЕПС.

(2) Начинот и периодот на достава на Дневниот распоред на испорака (номинации) ќе биде дефиниран во ИД за испорака на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем.

## - ТРЕТ НАЧИН НА НАБАВКА -

### Набавка на загуби на организиран пазар на електрична енергија

**Член 30**

Набавувачот на електрична енергија АД МЕПСО согласно член 3 став 2 од овие правила со цел оптимизирање на количините на електрична енергија потребни за загубите во електропреносниот систем делумно или целосно може да ги набави и на организираниот пазар на електрична енергија.

**Член 31**

АД МЕПСО се регистрира за учесник на организираниот пазар на електрична енергија согласно правилата за организиран пазар на електрична енергија.

**Член 32**

При целосна набавка на електрична енергија за покривање на загубите на отворениот пазар на електрична енергија набавувачот АД МЕПСО е потребно да направи прогноза во денот Д-2 за потребите на вкупните количините на електрична енергија за покривање на загубите во денот Д.

1) Прогнозата се врши врз база на :
   - -Прогнозираната потрошувачка на електрична енергија во ЕЕС за денот Д
   - -Временска прогноза за денот Д
   - -Дали денот Д е работен или неработен ден (Сабота,Недела, Празник)

**Член 33**

Врз база на прогнозираната количина на електрична енергија за покривање на загубите АД МЕПСО поднесува налог за набавка на електрична енергија на организираниот пазар на електрична енергија во денот Д-1 за денот Д

1) Налогот ги содржи:

- -Часовите во кој се набавува електричната енергија (0-24h)
- -Количината на електрична енергија за секој час во MW
- -Минимална и максимална цена по која ќе се набавува електричната енергија по MWh

**Член 34**

Делумна набавка на електрична енергија за покривање на загубите подразбира кога АД МЕПСО има набавено одредена количина на електрична енергија на јавен повик, а за подобро оптимизирање на количините на електрична енергија е потребно да набави дополнителна количина на електрична енергија за задоволување на прогнозираните количини во денот Д.

**Член 35**

При делумна набавка на електрична енергија за покривање на загубите на отворениот пазар на електрична енергија набавувачот АД МЕПСО е потребно да направи прогноза во денот Д-2 за потребите на вкупните количините на електрична енергија за покривање на загубите во денот Д.

Прогнозата се врши врз база на :

- -Прогнозираната потрошувачка на електрична енергија во ЕЕС за денот Д
- -Временска прогноза за денот Д
- -Дали денот Д е работен или неработен ден(Сабота,Недела, Празник)

**Член 36**

За дополнителните количините на електрична енергија кои се потребни АД МЕПСО поднесува налог за набавка на електрична енергија на организираниот пазар на електрична енергија во денот Д-1 за денот Д.

Налогот ги содржи:

- -Часовите во кој се набавува електричната енергија(0-24h)
- -Количината на електрична енергија за секој час во MW
- -Минимална и максимална цена по која ќе се набавува електричната енергија по MWh

**Член 37**

Максималната цена на набавка на електричната енергија по MWh на отворениот пазар при делумна набавка кој АД МЕПСО ќе ја достави во налогот нетреба да биде поголема од цената постигната на јавниот повик за тековниот месец.

## III. ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

**Член 38**
**Правна заштита**

(1) Секој Понудувач кој има правен интерес за добивање на договорот за набавка и има забелешки за направени пропусти или грешки во работењето на Комисијата за евалуацијата на понудите и не е задоволен од донесената одлука за избор на најповолен Понудувач може да побара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија по пат на жалба доставена до Управниот Одбор на АД МЕПСО во рок од 2 (два) календарски дена од денот на приемот на известувањето за избор на најповолен Понудувач, со доставување на жалбата лично или по пошта, со јасно и прецизно образложени причини за истата. Управниот одбор по жалбата на Понудувачот одлучува во рок од 2 (два) дена, сметано од денот на приемот на жалбата.

(2) Понудувачот кој не е задоволен од одлуката на Управниот одбор на АД МЕПСО може во рок од 2 (два) дена, сметано од денот на приемот на одлуката која ја донел Управниот Одбор на АД МЕПСО има право да поведе постапка пред надлежен суд.

(3) Постапката од став 2 на овој член не го одложува потпишувањето на ИД помеѓу АД МЕПСО и најповолниот Понудувач избран од страна на АД МЕПСО.

**Член 39**
**Мониторинг**

(1) АД МЕПСО на крајот од годината Г ја известува РКЕ за начинот на кој ќе обезбеди електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систен во годината Г+1.

(2) АД МЕПСО е должен да достави извештај до РКЕ за спроведената набавка на електричната енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем во рок од 5 дена од потпишување на Договорот во Понудувачите кои се избрани како најповолни.

**Член 40**
**Трошоци**

(1) Сите трошоци за изготвување на понудите, учеството во процесот и/или откажувањето од процесот за набавка на електрична енергија ќе бидат покриени исклучиво од страна на Понудувачите.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 41**
**Преодни и завршни одредби**

(1) Со денот на влегување во сила на овие Правила престануваат да важат Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем донесени од Управниот Одбор на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со

електропреносниот систем во државна сопственост, Скопје со Одлука бр.02-6692/9 од 21 ноември 2019 година.

(2) Договорите за набавка на електрична енергија за покривање на загубите на електропреносниот систем склучени согласно Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем донесени од Управниот Одбор на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електро преносниот систем во државна сопственост, Скопје со Одлука бр.02-6692/9 од 21 ноември 2019 година продолжуваат да се применуваат до истекот на важноста на договорите.

**Член 42**
**Влегување во сила**

Овие правила влегуваат во сила со денот на донесувањето по претходно добиеното одобрение од РКЕ, а ќе се објават во Службен весник на Република Северна Македонија и на веб страната на АД МЕПСО.

## ПРИЛОГ 1

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КОЛИЧИНИТЕ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБИТЕ ВО ЕЛЕКТРОПРЕНОСНИОТ СИСТЕМ

### 1. Дијаграм за испорака на електрична енергија и моќност.

Вкупните месечни количини на електрична енергија потребни за покривање на загубите во електропреносниот систем на Република Северна Македонија како и соодветната моќност и коефициент на модулација за секој месец посебно за годината Г се пресметуваат врз основа на остварената вкупна часовна потрошувачка на електрична енергија во годината Г-1 за соодветниот месец. За месеците за кои не постојат податоци за остварувањето за годината Г-1 се земаат податоци за соодветните месеци од годината Г-2.

Врз основа на овие податоци се изработува карактеристичен месечен дијаграм на вкупната потрошувачка за годината Г, за секој месец посебно.

Од податоците за вкупните месечни потреби од електрична енргија за годината Г, доставени од корисниците на електропреносниот систем, а земајќи го во предвид карактеристичниот месечен дијаграм на вкупната потрошувачка од годините Г-1 и Г-2, се дефинира карактеристичен месечен дијаграм на вкупната потрошувачка за секој месец посебно за годината Г. Месечните количини на електрична енергија потребни за покривање на загубите во електропреносниот систем се добиваат како производ од месечниот конзум од карактеристичниот дијаграм за годината Г и оствареniот процент на загуби во соодветниот месец во годината Г-1, односно Г-2.

Вака добиените месечни количини на загуби во електропреносниот систем се распределуваат на часовно ниво соодветно на карактеристичниот месечен дијаграм на вкупната потрошувачка за дадениот месец при што се добива карактеристичен месечен дијаграм на загуби за годината Г.

Од карактеристичен месечен дијаграм на загуби за годината Г, се определува коефициентот на модулација за секој месец посебно како однос помеѓу ноќната и дневната моќност. Вака дефинираните количини се предмет на набавка на јавниот повик.

**2. Барање за испорака (часовен дијаграм)**

АД МЕПСО има право на флексибилност од ±20% од договорената часовна моќност, за секој час посебно, која ќе ја достави до избраниот Понудувач во денот Д-2 за денот Д.

Барањето за испорака на електрична енергија и моќност за покривање на загубите, ОЕПС го изработува врз основа на остварениот часовен конзум и часовни загуби во претходните денови и прогнозираниот часовен конзум за денот Д.

**ПРИЛОГ 2**

# РАМКОВЕН ДОГОВОР

## за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем

**Склучен меѓу**

**АД МЕПСО, Скопје** со седиште на ул. Максим Горки бр.4. 1000 Скопје, Република Северна Македонија во својство на Договорен орган (Во понатамошниот текст: **„АД МЕПСО"**) претставуван од ____________________________ (во понатамошниот текст **„Купувач"**).

И

____________________________, (Назив на понудувач) со седиште на ________________________ (Адреса, град, држава), претставуван од ___________________ (Име на овластено лице) во својство на Понудувач (во понатамошниот текст **„Понудувач"**).

Во понатамошниот текст заеднички како **„Договорни страни"** или **„Страни ".**

**Дефиниции**

(1) Термините користени во овој Договор се дефинирани во Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем.

Договорните страни се согласни:

АД МЕПСО покажува интерес за склучување на Рамковен договор за купување на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем, преку објавување на Повик за покажување интерес за склучување на Рамковен договор (бр. _____ ) од ____________ (даден во Прилог 1 на овој договор).

Право на покажување на интерес за склучување на Рамковен Договор имаат производители, снабдувачи и/или трговци со електрична енергија од Република Северна Македонија кои се регистрирани учесници на пазарот на електрична енергија во Република Северна Македонија кои поседуваат лиценца за вршење на соодветна енергетска дејност издадена од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, како и EIC код издаден од страна на АД МЕПСО.

По евалуацијата на добиеното Покажување на интерес, АД МЕПСО го оценува Понудувачот како квалификуван да склучи Рамковен договор за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем. На Понудувачот му се доделува идентификационен број кој исклучиво ќе се користи само во рамки на Рамковниот Договор.

АД МЕПСО ќе му достави на квалификуваниот понудувач, Индивидуално барање за доставување на понуди (во понатамошниот текст: ИБДП) во согласност со плановите за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем кои се исклучително право и одговорност на АД МЕПСО.

АД МЕПСО ќе достави важечки потребни количини на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем во согласност со условите од овој РД и барањата од секое ИБДП.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

(1) Рамковен Договор (во понатамошниот текст: РД) е Договор меѓу АД МЕПСО и понудувачи кои ги исполнуваат условите наведени во Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем.
(2) Овој РД ги уредува сите трансакции во кои ќе влезат Страните заради купување, продавање, испорака и преземање на електрична енергија. Деталите за секоја поединечна трансакција ќе бидат специфицирани во секој Индивидуален Договор (во понатамошниот текст: ИД).
(3) Сите ИД и овој РД ќе формираат единствен Договор помеѓу Страните (заеднички нарекуван како: Договорот). Одредбите од овој РД сочинуваат интегрален дел од секој ИД.

**Член 2**

(1) Во рамки на условите од РД, Понудувачот е квалификуван да учествува во секој поединечен процес за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем.
(2) Понудувачот ќе биде поканет од страна на АД МЕПСО да учествува во процесот на доставување на понуди преку испраќање на Индивидуално барање за доставување на понуди (ИБДП) најмалку 24 часа пред крајниот рок за доставување на понуди.
(3) Понудите доставени од страна на Понудувачите ќе бидат евалуирани и ќе бидат утврдени најдобрите понуди во согласност со критериумите за избор дефинирани во секое ИБДП.
(4) Купувачот има право да ги прифати најповолните понуди, целосно или делумно или да не ги прифати воопшто најповолните понуди, во зависност од одлуката на Комисијата. Понудувачот нема право да бара било каков надомест од Купувачот доколку неговата понуда не е избрана за најповолна.

**Член 3**

(1) Понудувачот согласно барањата на Купувачот доставува понуда за потребите на набавка на електрична енергија само за покривање на загубите во електропреносниот систем, како што е дефинирано во Член 1 од овој Договор.
(2) Купувачот нема обврска да му гарантира на Понудувачот дека ќе набави од него определени количини на електрична енергија, ниту пак да му гарантира определен број на склучени ИД.
(3) Купувачот го задржува правото да ги утврдува периодите и количините за набавка и испорака во согласност со своите потреби.

## II. ИНДИВИДУАЛНО БАРАЊЕ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИ

### Член 4

(1) Купувачот, во согласност со своите планови и потреби, вклучително временски периоди одбрани согласно сопствените потреби, ќе издаде ИБДП и ќе го достави до Продавачот односно до сите потписници на РД преку електронска пошта.

(2) Секое ИБДП ќе содржи најмалку:

- датум, време и начин на доставување на понуди по ИБДП,
- местото и времето на одржување на Јавното Отворање на понудите на кое ќе можат да присуствуваат овластените претставници на квалификуваните понудувачи,
- период за испорака на електрична енергија и моќност,
- место на испорака,
- барана моќност изразена во MW и електрична енергија изразена во MWh, согласно бараниот дијаграм на оптоварување,
- критериуми за евалуација и избор на понуди,
- минимална големина на понуда во MW,
- коефициент на модулација за секој месец,
- дозволени отстапувања од договорената моќност и договорените количини,
- рок за доставување на понуди,
- евалуација на понудите и одлука за избор на најдобра понуда,
- рок на важност на понудите,
- гаранција за понудата за доставената понуда по ИБДП,
- останати услови.

(3) Купувачот може да го продолжи временскиот рок за доставување на понуди, евалуација на понудите, одлука за избор на најдобра понуда, доколку истото е соодветно на потребите и условите за конкурентност и сопствените потреби.

(4) Купувачот има право да го откаже ИБДП согласно сопствените потреби во било кое време и притоа не е должен да ги објави причините за прекинување на постапката и не е одговорен за било каква загуба, трошоци и штети предизвикани за другата страна. Купувачот ќе го извести Понудувачот за прекинувањето на ИБДП.

(5) Понудувачот е должен да ги следи и се обврзува да ги почитува сите упатства издадени од страна на Купувачот наведени во ИБДП.

## III. ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИ

### Член 5

(1) Само понудите добиени во предвидениот рок согласно ИБДП ќе бидат земени во предвид за евалуација согласно критериумот „најниска цена“. Во случај на добивање на повеќе од една понуда со идентична најниска цена, приоритет при изборот ќе биде даден на прводоставената понуда.

(2) Евалуацијата ќе се спроведе на следниот начин:

- понудите ќе бидат подредени во Мериторна ранг листа, почнувајќи со најниската цена и завршувајќи со највисоката понудена цена,
- понудите кои не ги содржат сите потребни елементи (документи) наведени во ИБДП ќе бидат оценети како некомплетни и неприфатливи и нема да се евалуираат,
- понудите кои не содржат валидни и целосни финансиски гаранции ќе бидат оценети како некомплетни и неприфатливи и нема да се евалуираат.

**Член 6**

Купувачот го задржува правото да избере повеќе од еден Понудувач, да прифати делумно понуда од било кој Понудувач или да отфрли понуда во согласност со насоките и критериумите претходно дадени во ИБДП.

## IV. ИНДИВИДУАЛЕН ДОГОВОР

**Член 7**

(1) Пред истекот на важноста на понудата, Купувачот ќе го извести во пишана форма по електронска пошта избраниот Понудувач дека неговата понуда е целосно или делумно прифатена и ќе го покани да склучи ИД во рок дефиниран во ИБДП.

(2) Се додека ИД не е склучен, Купувачот може да одлучи да не склучи ИД или да го откаже процесот на набавка на електрична енергија, а притоа Понудувачите немаат право да бараат било каквов надомест.

(3) Купувачот ќе му достави ИД на Понудувачот само ако неговата понуда биде прифатена во рамки на процесот на набавка на електрична енергија.

(4) ИД за купопродажба на електрична енергија ќе го содржи следното:

- информации во врска со Понудувачот и одговорните лица за контакт,
- период на испорака,
- договорена моќност изразена во MW согласно дијаграмот на оптоварување,
- договорена количина на електрична енергија во MWh согласно дијаграмот на оптоварување,
- договорена цена за електрична енергија, по продукт, изразена во EUR/MWh, без вклучен ДДВ,
- точка на испорака,
- договорена флексибилност при испорака на договорената моќност и количина согласно ИБДП и дијаграмот на оптоварување,
- услови на плаќање,
- износ на финансиска гаранција за навремено и квалитетно извршување;
- останати услови.

(5) Купувачот ќе достави до Понудувачот потпишан ИД по известувањето согласно став 1 од овој Член од овој РД.

(6) ИД ќе биде прифатен и потпишан од страна на Понудувачот без понатамошни преговори.

(7) ИД влегува во сила со денот на потпишувањето и ќе важи заклучно со исполнување на сите обврски наведени во истиот.

(8) Доколку Понудувачот не потпише ИД согласно со став 6 од овој Член, или не достави банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување или не уплати депозит за ИД во определениот рок или ја повлече понудата пред истекувањето на нејзината важност, Купувачот ќе ја активира гаранцијата за понудата или ќе го задржи депозитот за понудата и на истиот може да му биде забрането да учествува во процесот на набавка на електрична енергија во следните 6 месеци. За активирање на забраната за учество, Купувачот ќе му достави на Понудувачот писмено известување преку електронска пошта.

(9) ИД ќе бидат склучени само помеѓу овластените лица на двете страни.

(10) По склучувањето на секој ИД, Понудувачот се согласува да му продаде електрична енергија на Купувачот и Купувачот се согласува да ја превземе и да ја плати електричната енергија доставена во количина и на начин предвиден во овој РД и предметниот ИД.

(11) Во случај на разлики помеѓу текстот на РД и ИД, текстот во ИД ќе преовладува над РД.

(12) ИД може да биде раскинат и пред завршување на периодот дефиниран во истиот, во случај на неисполнување на обврските од истиот или согласно член 17 од овој РД.

**Член 8**

Оригиналните документи ќе бидат разменети по пошта само со Понудувачите кои се избрани да склучат ИД.

## V. ПРАВА И ОБВРСКИ

**Член 9**

**Права и обврски на Понудувачот**

(1) Со цел да учествува во процесот за набавка на електрична енергија, организиран од страна на Купувачот, Понудувачот се согласува да достави понуди за продажба на електрична енергија согласно условите дефинирани во определено ИБДП.

(2) Доставувањето на понуда од страна на Понудувачот подразбира прифаќање на сите услови наведени во ИБДП. Условите ќе бидат обврзувачки за Понудувачот во случај неговата понуда да биде прифатена.

(3) Понудувачот е согласен да достави финансиска гаранција на понудата за да го обезбеди своето учество во процесот на набавка на електрична енергија кој го организира Купувачот.

(4) Понудувачот е согласен дека финансиската може да биде активирана од страна на Купувачот доколку Понудувачот постапи на начин опишан во член 7, став 8 од овој Договор.

(5) Во согласност со секој ИД, Понудувачот ќе ги испорача договорените количини на електрична енергија и моќност во точката на испорака, согласно бараниот Дијаграм за испорака на електрична енергија за потребите на Купувачот за одреден период, во кој Купувачот може да го користи правото за користење на договорената флексибилност за испорака на електрична енергија и моќност, специфицирана во секој ИБДП и ИД.

(6) Понудувачот ќе ги поднесе сите ризици и ќе биде одговорен за сите трошоци и надоместоци поврзани со испораката на договорените количини на електрична енергија до точката на испорака согласно ИБДП.

(7) Во случај Понудувачот да не доставува целосно или делумно количини на електричната енергија и моќност во даден период на дневно ниво, и доколку истото трае 3 дена последователно, Понудувачот е согласен Купувачот да постапи согласно ставовите од Член 17 и притоа Понудувачот нема да има право да бара било каков надоместок.

**Член 10**

**Права и обврски на Купувачот**

(1) Купувачот ќе ги дефинира условите во секое поединечно ИБДП кое ќе биде иницирано од негова страна.

(2) Купувачот ќе испрати ИБДП до Понудувачот преку електронска пошта, секој пат кога ќе иницира процес за набавка на електрична енергија.

(3) Купувачот може да ја активира гаранцијата на понудата односно да го задржи уплатениот депозит на понудата доколку Понудувачот не склучи ИД во предвидениот рок, или не достави банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување или не уплати депозит за ИД или ја повлече понудата пред истекувањето на нејзината важност согласно член 7 став 8 од овој РД.

(4) Купувачот може да го исклучи Понудувачот од процесот за набавка на електрична енергија согласно член 7 став 8 од овој РД.

(5) Се' до склучување на ИД, Купувачот може да одлучи да го откаже процесот за набавка на електрична енергија, без притоа Понудувачот да има право да бара било каков надоместок.

(6) Купувачот ќе бара од Понудувачот електричната енергија и моќност да биде доставена согласно Дијаграмот за доставување на електрична енергија и моќност, а во кој Купувачот може да го употреби правото за користење на договорената флексибилност за испорака на електрична енергија и моќност, специфицирана во секој ИБДП и ИД.

(7) Во случај Понудувачот да не доставува целосно или делумно количини на електричната енергија и моќност во даден период на дневно ниво, и доколку истото трае 3 дена последователно, Купувачот ќе постапи согласно ставовите од член 17 и притоа Понудувачот нема да има право да бара било каков надоместок.
(8) Купувачот ќе ја превземе и плати на Понудувачот испорачаната електрична енергија и моќност согласно ИД.
(9) По исклучок од став (8) на овој член, вкупно превземената количина на електрична енергија од страна на Купувачот договорена во ИД може да отстапува во зависност од користење на договорена флексибилност при испорака на договорената моќност и количина од страна на Купувачот, согласно дефинираното во ИБДП и ИД.

## VI. УСЛОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 11

(1) Купувачот е должен до третиот работен ден по истекот на месецот дефиниран во ИД, на понудувачот да му достави преку електронска пошта податоци за износот на електрична енергија која е реализирана во претходниот месец.
(2) Во рок од еден работен ден откако ќе го добие документот од став (1), Понудувачот е должен истиот да го врати на Купувачот преку електронска пошта со потврдени количини на електрична енергија.
(3) Доколку помеѓу договорните страни постои неусогласување за испорачаната количина на електрична енергија, како важечки ќе се сметаат податоците земени во предвид од страна на Операторот на електропреносниот систем во Република Македонија.

### Член 12

(1) Понудувачот врз основа на усогласениот документ од Член 7 од овој РД ќе издаде фактура во рок од 8 (осум) дена по завршување на секој месец на испорака на испорачаните количини на електрична енергија.
(2) Купувачот ќе го изврши плаќањето на фактурата на жиро сметка на Понудувачот во согласност со упатството дадено во фактурата, преку повикување на бројот на фактура.
(3) Ќе се смета дека Купувачот ја извршил својата обврска од ИД, доколку Купувачот навремено го плати целокупниот износ од фактурата, според цената договорена во ИД, на жиро сметката на Продавачот.

### Член 12-а

По исклучок од условите утврдени за плаќање утврдени во член 12 од Рамковниот договор кој е даден во Прилог 2 на овие правила, во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија прогласена од Владата на Република Северна Македонија, како и високи цени по однос на цените на електрична енергија на пазарите на енергија, ограничен број на Понудувачи или количини на електрична енергија, договорените страни можат да договорат поинакви услови на плаќање и тоа во согласност со условите наведени во соодветното ИБДП.

### Член 13

(1) Купувачот е должен да го плати износот од фактурата во рок од 30 дена од денот на истекот на месецот.
(2) Купувачот ќе плати за превземената електрична енергија во денари (МКД) според официјалниот среден девизен курс на Народна банка на Република Северна Македонија, за валута евро (ЕУР), на последниот ден од месецот на испорака.

(3) Фактурата за купопродажбата на електричната енергија ќе биде зголемена за вредноста на ДДВ согласно законските прописи кои важат во Република Северна Македонија.
(4) За задоцнето плаќање на фактурата, Купувачот е должен да му плати на Понудувачот законска казнена камата.

## VII. ГАРАНЦИИ

**Член 14**

(1) Со цел за учество во процесот за набавка на електрична енергија, Понудувачот е согласен да достави Гаранција за понудата или да депонира депозит, во висина од 10% од вкупната вредност на понудата без вклучен ДДВ, како што е наведено во определеното ИБДП. Финансиската гаранција може да биде издадена во форма на банкарска гаранција издадена од банка со седиште во Република Северна Македонија, или паричен депозит за доставената понуда, со важност не помалку од 7 работни дена од денот на истекот на важноста на понудата, во оригинална форма.
(2) Понудувачот е согласен дека при склучување на ИД, а не подолго од 5 работни дена по потпишувањето, да достави гаранција за навремено и квалитетно извршување на ИД, во висина од 15% од вредноста на електричната енергија од месецот со најголема вредност на испорака. Финансиската гаранција може да биде издадена во форма на банкарска гаранција издадена од банка со седиште во Република Северна Македонија, или депозит на сметка на АД МЕПСО, и истата треба да биде со важност од 7 дена по завршување на последниот месец на испорака од Индивидуалниот договор.
(3) Доколку Понудувачот не склучи ИД или не достави банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување, или не уплати депозит за ИД, во рамки на дефинираниот временски рок, Купувачот ќе ја активира обезбедената гаранција за понудата или ќе го задржи доставениот депозит за понудата.
(4) Понудувачот е согласен дека Купувачот може да ја активира банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување во случај кога Понудувачот не ги исполнува своите обврски според РД и/или предметниот ИД или да го задржи депозитот за ИД.
(5) Финансиската гаранција за понудата и финансиската гаранција за навремено и квалитетно извршување на ИД можат да бидат издадени во форма на:
- банкарска гаранција. За Купувачот се прифатливи сите реномирани банки. Сите трошоци и провизии при обезбедувањето и проследувањето на банкарската гаранција се на товар на налогодавачот, или
- депонирани средства кои понудувачот ги депонира на следниов начин:

примач / корисник: АД МЕПСО, ул. Максим Горки бр.4, Скопје, со цел на дозанаката: финансиска гаранција за понудата или финансиската гаранција за навремено и квалитетно извршување на ИД, на една од жиро сметките на договорниот орган:
- бр. 200001086598648 кај Стопанска банка АД, Скопје, или
- бр. 250010100845336 - Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, или
- бр. 210059337810365 кај НЛБ Тутунска банка АД, Скопје, или
- бр. 320000000076830 кај Централна кооперативна банка АД, Скопје.

(6) Банкарската гаранција треба да биде неотповиклива, безусловна и платива на прв писмен повик.

**Член 15**

По завршувањето на определен процес на набавка на електрична енергија, гаранцијата на понудата или уплатениот депозит за понудата ќе им биде вратена од страна на Купувачот, во случаите доколку:
- Продавачот не е избран како најдобар понудувач, или

- Продавачот е избран како најдобар понудувач и навремено доставил банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување или навремено уплатил депозит за ИД.

## VIII. ДОВЕРЛИВОСТ

**Член 16**

(1) Условите наведени во ИД ќе се сметаат за доверлива информација и ниту една од договорните страни нема да ги открие овие информации на трета страна.

(2) Како доверлива нема да се смета информацијата која:

а) е објавена со претходна писмена согласност на другата страна

б) е откриена по барање на законски и подзаконски акти, Регулаторната комисија за енергетика на Република Северна Македонија, или во врска со судска или регулаторна постапка, при што секоја од договорните страни ќе се погрижи, колку што е тоа практично дозволено со односниот закон или регулатива, да го спречи или ограничи откривањето на информацијата и веднаш за тоа да ја извести другата Договорна страна;

в) претставува информација од јавен карактер; или

г) е откриена од статистички причини, при што ќе се води сметка таквото откривање да не го вклучи идентитетот на другата Договорна страна.

Договорите страни се должни да ги почитуваат обврските за доверливост во времетраење од две (2) години по истекувањето на односниот ИД.

## IX. ПРЕКРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРНИТЕ ОБВРСКИ

**Член 17**

(1) Доколку избраниот понудувач не постапува согласно одредбите од РД, ИД или ИБДП, односно доколку Понудувачот не доставува целосно или делумно количини на електричната енергија и моќност во даден период на дневно ниво, и доколку истото трае 3 дена последователно или вкупно 5 дена во тековниот месец, и доколку тоа неиспорачување не е предизвикано од Виша сила или од непревземање од страна на АД МЕПСО, Купувачот ќе:

1) ја активира банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување или да го задржи депозитот за ИД,
2) го раскине ИД,
3) наплати договорна казна во износ од 15% од вкупната вредност на ИД, и
4) наплати надомест на штета во износ еднаков на разликата помеѓу производот од количината на неиспорачаната електрична енергија од страна на Понудувачот и цената по која АД МЕПСО ја купува од друг Понудувач или на друг начин ја добива на пазарот на електрична енергија неиспорачаната количина на електрична енергија, и вредноста на ИД за соодветниот месец.

(2) Доколку избраниот Понудувач не ги подмири сите финансиски обврски кои произлегуваат од неисполнувањето на ИД согласно став (1), Понудувачот нема право да учествува во процесот за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем во следните 6 месеци, или се додека не ги подмири наведените обврски кон АД МЕПСО.

(3) Доколку и по истекот на временскиот период во кој му се забранува учеството во процесот за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електропреносниот систем, Понудувачот не ги подмири финансиските обврски согласно ставовите (2), (3) и (4), Купувачот има право да го раскине РД.

(4) Доколку Купувачот го раскине РД согласно став (3) од овој Член, Понудувачот е должен да ги подмири сите финансиски обврски кон Купувачот.

## X. РАЗРЕШУВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 18**

(1) Страните се согласни дека секој спор кој произлегува во врска со овој РД ќе се обидат да го разрешат на мирен начин, во духот на добрата деловна соработка.
(2) Во случај спорот да не може да се разреши на мирен начин, споровите кои произлегуваат од овој РД ќе бидат разрешени пред стварно и месно надлежен суд.

## XI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 19**

Овој договор се смета за склучен од моментот на негово потпишување и верифицирање со печат од страна на овластените лица на Страните.

**Член 20**

Овој договор е применлив од датумот на негово склучување согласно Член 19 од овој договор и истиот ќе продолжи да важи се додека ниту една од договорните страни не побара негово раскинување.

**Член 21**

Овој договор може да биде раскинат:

- доколку договорот стане неприменлив поради измена на важечките законски и подзаконски акти во Република Македонија,
- еднострано раскинување доколку некоја од договорните страни не постапува согласно условите дадени во овој РД или ИД и/или не ги исполнува, во целост или делумно, правата и обврските од овој РД или ИД.

**Член 22**

Известувањето за раскинување на овој договор се доставува во писмена форма од едната до другата договорна страна. Отказниот рок за раскинување на овој договор ќе биде најмалку 30 дена пред датумот од кој РД ќе се смета за раскинат.

## XII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 23**

(1) Доколку било која одредба од овој договор престане да важи поради судска одлука, акти на државни органи, одлука на Владата на Република Северна Македонија или на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, таа одредба нема повеќе да биде дел од овој договор, а останатите одредби ќе продолжат да важат.
(2) Измени и дополнувања на овој договор ќе се вршат со анекс на договорот, во писмена форма, потпишан од двете договорни страни.
(3) Овој договор е склучен на македонски јазик.

**Член 24**

За се она што не е регулирано во овој договор ќе се применуваат останатите законски и подзаконски прописи во Република Северна Македонија.

**Член 25**

(1) Лица овластени за размена на информации и превземање на активности засновани на овој РД од страна на АД МЕПСО: - ------------------
(2) Лица овластени за размена на информации и превземање на активности засновани на овој РД од страна на Понудувачот: -------------------------

**Член 26**

(1) Во случај на неконзистентност на условите од ИД и одредбите од овој РД, ќе преовладаат условите од ИД за целите на наведениот ИД. Насловите и поднасловите се само за уредување на текстот и не влијаат на интерпретацијата на РД.
(2) Договорните страни го потпишуваат овој Договор, преку нивните овластени претставници, во четири (4) оригинални примероци - по два за секоја договорна страна.

**За Понудувачот**

____________________

**За АД МЕПСО**

**Генерален директор**

____________________